Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ 9/23
07.11.2023 година
Кратово

До: Основен кривичен суд

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер.

**Колку има вкупно изречени пресуди за „Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „Спречување службено лице во вршење службено дејствие" од 01.01.2017 до 31.10.2023?**

Начин на запознавање со содржината:
- препис
- фотокопија
- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил/e-mail

**Подготвил:**

[redacted]

Subject **Re: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

From [redacted]

Cc

Date 07-11-2023 09:51

Дополнување: Ве молам и за информација каква била основата на пресудите, условно, казна затвор или ослободителна?

[redacted]

On Tue, 7 Nov 2023, 08:00 [redacted]

Почитувани при основен кривичен суд,

Во прилог ви испраќам барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во PDF електронски формат.

Барањето се однесува за вкупни бројки од целата територија на државата, односно, целокупно од сите основни кривични судови.

Ве молам за повратен одговор дека барањето уредно сте го примиле, како и архивскиот број под кое е заведено.

Со почит,

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.9/23
07.11.2023 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Ваше барање од 07.11.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.9/23 од 07.11.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.9/23
07.11.2023 година
К р а т о в о

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/2019) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted]

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информаци[redacted]

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од барателот [redacted], со кое бара податоци за тоа колку има вкупно изречени пресуди за „Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „Спречување службено лице во вршење службено дејствие" во судот за периодот од 01.01.2017 до 31.10.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово, ви ги доставува следните информации:

-за периодот од 01.01.2017 година до 31.10.2023 година за сторено кривично дело **„Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста"** донесени се вкупно 3 пресуди од кои 2 пресуди се со изречена условна осуда ( утврдена казна затвор од 3 месеци која нема да се се изврши ако обвинетиот за 1-една година во времето на проверувањето не стори ново кривично дело) и една пресуда е преиначена од повисокиот суд во делот на изречената кривична санкција и е изречена казна затвор во траење од 3 месеци.

-за периодот од 01.01.2017 до 31.10.2023 година за сторено кривично дело **„Спречување службено лице во вршење службено дејствие"** донесена е 1 пресуда со која е изрчена условна осуда ( утврдена казна затвор од 3 месеци која нема да се се изврши ако обвинетиот за 2-две години во времето на проверувањето не стори ново кривично дело) и донесено е едно Решение со кое е изречена мерка на безбедност „задолжително психијатриско лекување на слобода".

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Основен суд Кратово на 07.11.2023 година, под СПИ бр.9/23

По овластување на претседателот на судот,
Сужбено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник